ОПШТИНА ШТИП

MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Уп1Бр. 18/24-182*
*11.09.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 Штип со Одлука бр. 08-687/1 од 26.01.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.2), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета

## по изготвен

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЈИ 02.02 со плански опфат: на север по осовина на р.ОТИЊЕ, на запад по осовина на ул. Тодор Коларов, на југ по осовина на ул.Сутлак до мултимедијален центар Киро Глигоров и на исток по граници на наменски зони и осовина на крак на ул.Генерал Михајло Апостолски, Општина Штип

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

- на север по осовина на река Отиње
- на запад по осовина на ул.„Тодор Коларов“
- на исток по граница на наменски зони и осовина на крак на ул.„Генерал Михајло Апостолски“
- на југ по осовина на ул.„Сутлак“ до мултимедијален центар „Киро Глигоров“

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 33436,94m2.

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавна анкета и јавна презентација по изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЈИ 02.02 со плански опфат: на север по осовина на р.ОТИЊЕ, на запад по осовина на ул. Тодор Коларов, на југ по осовина на ул.Сутлак до мултимедијален центар Киро Глигоров и на исток по граници на наменски зони и осовина на крак на ул.Генерал Михајло Апостолски, Општина Штип ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

*Општина Штип ул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

ОПШТИНА ШТИП

MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008



Јавниот повик за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува на 16 септември 2024 год (понеделник) и истиот ќе трае до 30 септември 2024год (понеделник).

Јавната анкета и јавната презентација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЈИ 02.02 со плански опфат: на север по осовина на р.ОТИЊЕ, на запад по осовина на ул. Тодор Коларов, на југ по осовина на ул.Сутлак до мултимедијален центар Киро Глигоров и на исток по граници на наменски зони и осовина на крак на ул.Генерал Михајло Апостолски, Општина Штипќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 1 октомври 2024 (вторник) до 30 октомври 2024 год (среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 15 окомври (среда) 2024 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*

*Борислава Мишева, диа*

*Контролирал:*

*Лазар Хаџи Николов*

*Секретар на Општина Штип*

*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***

*Градоначалник*

*Иван Јорданов*

*Општина Штип ул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*